VII-от Конгрес на Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија - СОНК, одржан на 13.10.2021 година, усвои

Р Е З О Л У Ц И Ј А
за заштита на претседателите на синдикалните организации на СОНК

VII-от Конгрес на СОНК оцени дека претседателите на синдикалните организации на СОНК се едни од најважните алки на синџирот во синдикалното организирање и од нив многу ќе зависи квалитетот на работата на нашата организација. Заради нивниот ангажман и синдикални активности, кои се во правец на одбрана на правата на работниците, не ретко се мета на најразлични притисоци од страна на работодавачите – директорите и раководителите на установите каде се вработени, иако тие никогаш нема да кажат дека е тоа заради синдикална ангажираност.

Треба да се знае дека Законот за работни односи предвидува заштита на сидинкалните претставници во однос на тоа дека не може да имаат последици поради нивната синдикална активност. Исто така, според овој Закон и според Колективните договори, се смета дека заштитата на синдикалните претставници е интегрална и се однесува на отказ, прераспоредување и плата, но и забрана за психолошко и сексуално вознемирување и трае за време на мандат и две години по престанувањето на вршењето на синдикалната функција. Следствено на тоа, да неможе на синдикалниот претставник да му се намали платата или пак да му се откаже договорот за вработување само заради тоа што е синдикален претставник кој учествува во синдикални активности.

Дали во пракса е навистина така како што е пропишано со Закон и Колективен договор? Со оваа Резолуција ќе се побара од надлежните, особено од Министерството за труд и социјална политика да го подобри законското решение за заштита на синдикалните претставници за време и по завршување на мандатот. Исто така, да неможе синдикалниот претставник да биде распределен во рамките на ист работодавач без негова согласност, намалување на работни задачи и фонд на наставни часови, а со тоа и намалување на платата, одземање на одделенско раководство итн. Спротивно на тоа, законските решенија да бидат во правец на заштита и мотивирање на синдикалните претставници, со што ќе се подигне интересот на вработените да бидат синдикално активни, да се подигне квалитетот на социјален дијалог и социјално партнерство, што впрочем е одраз на квалитетни демократски процеси во државата, процес што е многу важен за пристап кон европското семејство.